Универзитет "Гоце Делчев"- Штип
Факултет за медицински науки
Дентална медицина

Македонско Стоматолошко Друштво

# Употреба на антибиотици за само-медикација кај медицински образовани лица кои имаат ендодонтска терапија

9ти конгрес со меѓународно учество на МСД, Охрид, Р.С.Македонија
15-18.09.2022

**Верица Тонева Стојменова**, Соња Роголева Ѓуровски, Наташа Лонгурова, Александра Тонева Николова, Ивона Ковачевска

## Вовед:

Се почесто присутната само-медикација кај популацијата, посебно со земање на лекови и препарати кои навидум се безазлени претставуваше иницијација за поставување на целта на оваа студија: да се направи процена на само-медикацијата со антибиотици кај пациентите на кои им требаат стоматолошки услуги. Исто така, предмет на испитување е и да се верифицираат кои антибиотици најчесто се користат, како и да се процени улогата на образованието при само – медикацијата.

## Цел:

Целта на оваа спроведена студија е да се добие јасна претстава за употребата на антибиотиците кај пациенти со медицинско образование кои имаат ендодонтски третман.

## Материјали и методи:

Во испитувањето беа вклучени 40 пациенти со медицинско образование, на возраст од 17- 74 години, по случаен избор, од обата пола, кои заради стоматолошки услуги се јавиле во три стоматолошки ординации на ФМН при Универзитетот ,,Гоце Делчев" Штип. На сите нив им беше дистрибуиран анонимен анкетен прашалник за само-медикација, кои препарати ги користат, извор за медикаментите и слично.



АНКЕТЕН ЛИСТ

1. Пол? м/ж
2. Години ________
3. Образование
основно / средно / високо
4. Место на живеење
Град / Село
5. Дали користите антибиотици?
Да / Не
6. Дали сте алергични на антибиотици?
Да / Не
Ако сте, набројте на кои? ________________
7. Кои антибиотици најчесто ги користите при промени во устата? (заокружи)
amoksiklav, vibramycin, cefalexin, eritromycin, други (наброј) ________________

9. Дали при промени во устата, веднаш (уште истиот ден кога ќе ги забележите промените) се јавувате кај:
а) вашиот стоматолог или
б) пробувате во домашни услови да си помогнете на себе?
10. Дали користите антибиотици, бидејќи вашиот стоматолог ви ги препишал?
Да / Не
11. Дали сугерирате на вашиот стоматолог, кои антибиотици најдобро ви делуваат за да ви ги препише?
Да / Не
12. Дали користите антибиотици по препорака на некој ваш близок?
Да / Не
13. Дали земате антибиотици кога според ваша проценка ви се потребни?
Секогаш, Често, ретко, никогаш
14. Дали го користите истиот антибиотик кој ви го препишал вашиот стоматолог претходно, кога ќе ви се јават истите симптоми повторно?
Да / Не
15. Кога земате антибиотици на ваша рака, без консултација со стоматолог? (заокружи)
а) Забоболка,



б) недефинирана болка во устата,
в) болка во главата,
г) оток во устата,
д) црвенило во устата,
ѓ) присуство на непријатен мирис во устата,
е) гној во устата,
ж) ранички во устата,
з) растење на млечен-траен заб,
ѕ) други промени ( напиши) ________________
16. Дали по употребата на антибиотици, состојбата ви се подобрува?
Секогаш / Понекогаш / Никогаш
17. Колку долго земате антибиотици?
1-3 дена / 3-5 дена / 5-7 дена / Додека не поминат симптомите / Додека не ги потрошите / Додека вашиот стоматолог ви препорачал
18. При земањето на антибиотик во текот на денот, дали забележувате при земањето на секоја таблета да е на ист временски интервал?
Да / Не
19. Што правите кога ќе прескокнете да земете една доза на антибиотик?
а) ништо
б) земате дупла доза од антибиотикот
в) ја земате дозата и започнувате по нов редослед на сметање на времето
г) ја земате дозата и продолжувате по истиот редослед
20. При немање на ефекти од дадениот антибиотик, што правите?
а) земате дупла доза од дадениот антибиотик
б) земате доза од друг антибиотик
в) не правите ништо
21. Дали знаете кој антибиотик најдобро ви делува на вас, при промени во устата?
Да / Не

Потпис на испитаникот :
________________
(со пополнување на анкетата се согласувате дадените информации да се искористат во изработка на дипломска работа)

2

## Резултати:

Резултатите покажаа дека:

- самомедикацијата е застапена во првата група и тоа: 16 лица (40%) одговорија позитивно, а преостанатите 60% (24 лица) одговорија негативно.

| *Причина за само-медикација* | Бројна затапеност | Процентуал на застапеност (%) |
|---|---|---|
| *Забоболка* | 31 | 31% |
| *Недефинирана болка во устата* | 2 | 2% |
| *Главоболка* | 21 | 21% |
| *Оток во устата* | 10 | 10% |
| *Црвенило* | 0 | 0% |
| *Присуство на непријатен мирис во устата* | 0 | 0% |
| *Гној во устата* | 11 | 11% |
| *Ранички во устата* | 3 | 3% |
| *Растење на млечен-траен заб* | 4 | 4% |
| *Поради ни една причина (бидејќи не* | 24 | 24% |













## Заклучок:

Без разлика на карактеристиките на антибиотиците како и нивната делотворност на инфекциите во човечкиот организам, во одредена тераписка доза, во исто време, можат да предизвикаат и многу несакани проблеми, кои во екстремни случаи може да завршат и летално, нивната рационална употреба и контрола всушност е целосно оправдана.